**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Бр.** 03-233
12.08. **2022 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 15 став 3 и став 6 и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13 и 13/14) и Правилникот за начинот на објавување на податоците за работењето на радиодифузерите, точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.03-2920/1 од 25.07.2022 година и Заклучокот арх.бр.02-3118/5 од 12.08.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 31-та седница одржана на 12.08.2022 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка - јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радио дифузно друштво (ТРД) ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово, заради извршена повреда на член 15 став 3 од Законот за медиуми (ЗМ), на начин што радиодифузерот не ја исполнил обврската пропишана во цитираниот член од Законот, односно во вториот предвиден рок (најдоцна до 30 јуни 2022 г.), не ги објавил на сопствената програма податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично) и до Агенцијата не доставил снимка од објавата во рок од 15 дена од денот на објавувањето.
Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-2920/1 од 25.07.2022 г., кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово, во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од ЗМ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) и член 29 од ЗМ, надлежна е да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со обврските од членовите 6, 8, 14 и 15 од ЗМ.
Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.
Во согласност со член 29 став 2 од ЗМ, мерките кои Агенцијата како надлежно регулаторно тело може да ги преземе, а кои се утврдени во ЗАВМУ, соодветно се применуваат и во случај на повреда на одредбите од ЗМ.
Согласно член 15 став 3 од ЗМ, радиодифузерите се должни податоците од ставот (1) алинеи 1, 2 и 3 на овој член да ги објават и на сопствената програма, најмалку три пати годишно, во ударни термини и снимката од објавата да му ја достават на надлежното регулаторно тело во рок од 15 дена од денот на објавувањето на начин пропишан од страна на надлежното регулаторно тело.

Согласно член 4 став 1 алинеја 2 од Правилникот за начинот на објавување на податоците за работењето на радиодифузерите („Службен весник на Република Македонија" бр.30/15), радиодифузерите се должни овие податоци вториот пат да ги објават најдоцна до 30 јуни.

Агенцијата во рамките на своите законски надлежности, преку Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права, на 25-ти јули 2022 г., изврши редовен административен надзор кај субјектот на надзорот: ТРД ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово, при што констатираше прекршување на член 15 став 3 од ЗМ, на начин што радиодифузерот не ја исполнил обврската пропишана во цитираниот член од Законот, односно во вториот предвиден рок (најдоцна до 30 јуни 2022 г.), не ги објавил на сопствената програма податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично) и до Агенцијата не доставил снимка од објавата во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

Повредата од точка 1 од ова Решение, спецversion е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр. 03-2920/1 од 25.07.2022 г., кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово, на 26.07.2022 г., испрати Допис (наш арх.бр.03-2920/2 од 26.07.2022 г.) со кој му го достави Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-2920/1 од 25.07.2022 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗМ. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот на 28.07.2022 г. Во предвидениот рок, ТРД ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово не се изјасни за стореното прекршување на ЗМ. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 12.08.2022 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на ТРД ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 15 став 3 и став 6 и член 29 од Законот за медиуми и Правилникот за начинот на објавување на податоците за работењето на радиодифузерите, точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 г., Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.03-2920/1 од 25.07.2022 г. и Заклучокот арх.бр.02-3118/5 од 12.08.2022 г., поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за медиуми, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на 31-та седница одржана на 12.08.2022 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово, и му наложува во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-2920/1 од 25.07.2022 г.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- ТРД ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово;
- Управителот на ТРД ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права, и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13 и 13/14), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika e Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 25.07.2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Njësi org | Број / Numër | Прилог / Shtesë | Вредност / Vlerë |
| 03 | 2920 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. Вид надзор: редовен

2. Субјект на надзорот: Трговско радио дифузно друштво ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово

3. Датум на извршување на надзорот: 25 јули 2022 година

4. Предмет на надзорот: Надзорот се врши на исполнувањето на обврската од член 15 став 3 од Законот за медиуми, според која радиодифузерите се должни податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично) да ги објават на сопствената програма, најмалку три пати годишно, во ударни термини и снимка од објавата да доставaт до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

Согласно Правилникот за начинот на објавување на податоците за работењето на радиодифузерите („Службен весник на Република Македонија" бр. 30/15), радиодифузерите се должни овие податоци вториот пат да ги објават најдоцна до 30 јуни.

5. Претходно изречена мерка: нема

6. Констатации од надзорот: Со надзорот е констатирано дека Трговското радио дифузно друштво ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово, не ја исполни обврската од член 15 став 3 од Законот за медиуми.

7. Опис на прекршувањето: Трговското радио дифузно друштво ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово, во вториот предвиден рок не ги објави на сопствената програма податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично) и до Агенцијата не достави снимка од објавата во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

8. Предлог мерка: Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 15 став 3 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13 и 13/14), а согласно член 15 став 6 од овој Закон, се дава следната предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за преземање мерка јавна опомена на Трговското радио дифузно друштво ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово, и во согласност со Упатството за определување на

рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година), да му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението за преземање мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со член 15 став 3 од Законот за медиуми; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали радиодифузерот постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

*Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права*